Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 3 од Одлуката за утврдување на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња („Службен гласник на Град Скопје“ бр.5/22), Градоначалникот на Град Скопје донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КАСНУВАЊЕ ОД БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

Општи одредби

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува постапката за утврдување и исплата на надоместок на штета, како и начинот на решавање на барања од граѓани за надоместок на материјална и нематеријална штета (во натамошниот текст: штета) предизвикана од каснување од бездомни кучиња, случено на јавните површини на подрачјето на град Скопје.

Член 2

(1) Како бездомни кучиња во смисла на овој Правилник се смета секое куче кое нема регистриран сопственик или држател, лишено од човечка грижа и нега, не е ограничено во приватен двор или дом и слободно се движи на јавни површини на подрачјето на Град Скопје без директен надзор.

(2) Под јавни површини од став (1) на овој член се сметаат површините утврдени со Одлуката за комунален ред во градот Скопје донесена од страна на Советот на Град Скопје:

- јавни сообраќајни површини - улици, тротоари, пешачки премини, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, стојалишта на јавен градски превоз, такси станици и сл.;
- јавни зелени површини - градски паркови, парк-шуми, карактеристични пејсажи, тревници, земјишен појас покрај или меѓу јавните сообраќајни површини на кој е засадено зеленило, зелени површини на отворени простори околу јавни објекти, заштитно зеленило на насипи и слични површини;
- жардињери, видиковци, одморишта, скалила и патеки и слична урбана опрема и градби како составен дел од јавните зелени површини;
- спортско рекреативни површини, јавни капалишта и водни површини, детски игралишта и сл. и
- отворени простори околу јавни објекти.

Постапка

Член 3

(1) Постапката за утврдување и исплата на надоместокот на штета започнува со поднесување на барање за надоместок на штета настаната од каснување од бездомни кучиња на подрачјето на град Скопје (во натамошниот текст: Барање) од страна на оштетеното лице (во натамошниот текст: Барател).

(2) Кон Барањето, Барателот треба да ја достави следната документација:

- Важечка лична карта или патна исправа на увид, а доколку оштетениот е малолетник, се доставуваат документи од родителот или старателот и Извод од матичната книга на родените за малолетникот;
- Медицинска документација од здравствена установа за третирање на повредата настаната со каснување од бездомно куче, од која ќе може да се утврди дека штетата е нанесена од угриз од бездомно куче, односно од која може да се утврди видот на каснувањето, бројот на каснувањата, степен на претрпен страв, како и последици доколку настанале како разултат од каснувањето, дали постои рана и доколку постои како е третирана истата, кое нешто се дијагностицира од страна на специјалист - хирург. Специјалист инфектолог ја утврдува потребата од соодветна профилакса, а специјалист психијатар утврдува степен на претрпен страв и стрес;
- Потврда од Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија (полициската станица каде што е пријавен настанот);
- Фотографија од повредата;
- Краток опис на настанот кога бил извршен нападот;
- Изјава од сведоци (доколку има);
- Копија од фискална сметка за трошоците направени во врска со настанот;
- Копија од трансакциска сметка на барателот.

(3) Барањето и документацијата од став (2) на овој член се доставуваат преку Архивата на Град Скопје до Комисија за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на подрачјето на град Скопје.

(4) За барањата за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња поднесени преку адвокат, Град Скопје не исплаќа средства за адвокатски трошоци на Барателот направени со поднесеното Барање.

(5) Тужбеното барање на тужителот за надоместок на штета во судска постапка, се смета за поднесено Барање од став (1) на овој член, доколку тужителот се согласи да се поведе постапка за утврдување и исплата на надоместок на штета.

(6) Согласноста за поведување на судската постапка од став (5) на овој член, тужителот ја поднесува писмено преку Архивата на Град Скопје.

(7) Постапката од став 1 на овој член завршува пред истекот на рокот кога застарува побарувањето на надоместок на причинетата штета, сметано од денот на настанувањето на повредата предизвикана од каснување од бездомни кучиња, случени на јавните површини на подрачјето на град Скопје.

(8) По истекот на рокот од став (7) на овој член, Комисијата нема да постапува по поднесените барања и истите ќе ги одбие со заклучок.

Комисија

Член 4

(1) За утврдување, определување на висината и исплата на надоместок на штета, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани

на јавните површини на подрачјето на град Скопје (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Мандатот на Комисијата од став (1) на овој член е 1 (една) година.

(3) Комисијата е составена од 6 (шест) членови и нивни заменици и тоа:
- 1 (еден) член и 1 (еден) заменик член од редот на вработените во Град Скопје;
- 1 (еден) член и 1 (еден) заменик член од ЈП Лајка Скопје;
- 2 (два) члена и 2 (два) заменици членови од редот на лиценцирани лекари трауматолози и
- 2 (два) члена и 2 (два) заменици членови од редот на лиценцирани лекари од областа на психијатријата.

(4) Членовите на Комисијата и нивните заменици од став (3) алинеја 3 и 4 на овој член, се бираат на Јавен повик објавен на веб страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk) и истите треба да ги исполнуваат следните критериуми:
- Да поседува важечки документ за лична идентификација;
- Да поседува важечка лиценца за работа издадена од Лекарска комора на Република Северна Македонија и
- Да има минимум 5 (пет) години работно искуство како лекар специјалист-трауматолог односно во областа на психијатријата.

(5) Искуството во третирање на рани и повреди од каснување на кучиња (трауматолог) или искуството во работа (дијагностицирање) со лица кои претрпеле страв и душевна болка од каснување од кучиња (од областа на психијатријата), ќе се смета за предност.

(6) Рокот за пријавување изнесува 10 (десет) календарски денови од денот на објавата на Јавниот повик.

(7) Град Скопје може да го поништи Јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава и
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно став (4) од овој член.

Член 5

(1) На членовите на Комисијата и нивните заменици, од член 4 став (3) алинеја 3 и 4 на овој Правилник, им се исплаќа месечен надоместок за учество во работата на Комисијата, на следниот начин:

- на членовите од редот на лиценцирани лекари трауматолози и од редот на лиценцирани лекари од областа на психијатријата, надоместок во висина од 15.000,00 денари, во нето износ;
- на замениците на членовите на Комисијата од редот на лиценцирани лекари трауматолози и од редот на лиценцирани лекари од областа на психијатријата им се исплаќа надоместок во висина од 15.000,00 денари, во нето износ, кои се исплаќаат во месеците кога ги заменуваат членовите на Комисијата, поради нивно неприсуство (неучество) на седниците на Комисијата.

(2) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Комисијата се исплатува за присуство на седница на Комисијата во тековниот месец.

(3) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Комисијата не се исплаќа при отсуство односно неучество на ниту една седница на Комисијата во тековниот месец.
(4) Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Комисијата во тековниот месец не одржала седница.

Член 6

Комисијата има задача:
- да ги разгледува барањата за надоместок на штета и приложената медицинска и останата документација;
- дава предлози за висината на надоместокот на штета.

Начин на работа на Комисијата

Член 7

(1) Комисијата работи на седници.

(2) Доколку од доставената документација, Комисијата констатира дека не може со сигурност да се утврди фактичката состојба за последицата која настанала, може да побара и дополнителна документација за што Барателот е должен истата да ја достави, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на известувањето на е-маил адреса или пошта.

(3) За утврдување на фактичката состојба од претходниот став, Комисијата може да побара вештачење, кое ќе биде изработено од овластени вештаци и на товар на Град Скопје.

(4) Доколку по истекот на рокот од став (2) на овој член Барателот не ја комплетира документацијата, Барањето ќе се одбие како неосновано.

(5) За работата на Комисијата се води записник.

Седници на Комисијата

Член 8

(1) Седниците на Комисијата ги свикува и со нив раководи Претседателот или заменик претседателот на Комисијата, кој се грижи за организацијата и работата на Комисијата.

(2) Седниците на Комисијата можат да се одржат само доколку на истите присуствуваат најмалку 4 (четири) члена или нивните заменици од вкупниот број на членови на Комисијата, од кои 2 (два) члена или нивните заменици се лекари специјалисти и тоа 2 (два) трауматолози и 2 (два) од областа на психијатријата.

(3) На седниците на Комисијата задолжително присуствува и по еден претставник од Секторот за комунални работи и Секторот за правни работи заради давање на административно - техничка поддршка.

(4) На покана на Претседателот на Комисијата, на седниците на Комисијата може да присуствува и Барателот и сведоците на настанот (доколку има).

(5) По исказите на Барателот и на сведоците, прашања до нив може да постави секој член на Комисијата.

Член 9

(1) Доколку во текот на работата Комисијата утврди дека заради поконкретно утврдување на случајот и настаната штета е потребно да се сослушаат Барателот како и сведоците на настанот, ако се наведени, Претседателот на Комисијата ќе закаже нова седница на која ќе ги повика Барателот и сведоците.

(2) Доколку Комисијата утврди дека согласно доставената документација и дадените искази не е сторена штета на Барателот, или од исказите на Барателот односно на сведоците на настанот, се утврди неверодостојност на истите, Барањето ќе го одбие со заклучок како неосновано.

Запирање на постапката

Член 10

Доколку Комисијата утврди дека штетата не ја причинило бездомно куче, односно се пронајде сопственикот на кучето, Комисијата со заклучок ја запира постапката за барање на надомест и Барателот ќе го упати своето право да го оствари преку приватна тужба против сопственикот на кучето до надлежниот суд.

Утврдување на висината на надоместокот

Член 11

Доколку Комисијата врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба утврди дека Барањето е основано, врз основа на критериуми утврдени со овој Правилник, дава предлог спогодба за обештетување на барателот и ја предлага висината на надомест на штета, за која ќе биде понудена спогодба на оштетеното лице на е-маил адреса или пошта.

Критериуми за утврдување на висината на надоместокот

Член 12

(1) При разгледување на секое поединечно барање, Комисијата ги зема во предвид следните критериуми за утврдување на висината на надоместокот:

	Критериуми за утврдување на висината на надоместокот	**Максимум поени**
	Материјалната и нематеријалната штета настаната врз повредениот се проценува врз основа на	
1.	Видот на каснувањето: - силен угриз - умерен угриз - гребаници	 **15** **10** **5**
2.	Бројот на каснувања: - повеќе од едно - едно - за гребаници	 **15** **10** **5**

3.	Степен на претрпен страв: - висок степен - среден степен - низок степен - нема	 15 10 5 0
4.	Возраста на повредениот	
	-Дете (лице до 18 години) -Лице од 18 до 65 години -Лице над 65 години	15 10 5
5.	Последиците кои настанале како резултат од каснувањето:	
а.	Нагрденост: - висока - средна - ниска - нема	 20 15 10 0
б.	Нарушување на психичката состојба од претрпениот страв/траума: -интензивно -умерено - благо - нема	 20 15 10 0
	ВКУПНО ПОЕНИ	

Висина на надоместокот

Член 13

Врз основа на критериумите од член 12 на овој Правилник, висината на надоместокот за претрпена штета може да се определи во износ:

До 40 поени ..... од 30.000,00 денари до 50.000,00 денари
Од 41 до 60 поени ..... од 50.000,00 денари до 70.000,00 денари
Од 61 до 80 поени ..... од 70.000,00 денари до 90.000,00 денари
Од 81 до100 поени ..... од 90.000,00 денари до 100.000,00 денари

Член 14

Комисијата до Градоначалникот на Град Скопје доставува предлог спогодба за обештетување на Барателот со висина на надоместокот на штета заедно со записник за спроведената постапка.

Спогодба

Член 15

(1) Врз основа на предлогот од член 11 Барателот на штета е должен најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот истата да ја прифати или да ја одбие.

(2) Доколку по истекот на рокот од став (2) на овој член, Барателот не се изјасни дали ја прифаќа или одбива предлог Спогодбата, ќе се смета дека се откажува од правото на надоместок на штета која настанала од каснување од бездомно куче, во постапката пред Град Скопје.

Завршни одредби

Член 16

Барањата за надоместок на штета настаната од бездомни кучиња на подрачјето на градот Скопје се пополнуваат на посебен образец кој може да се подигне во Архивата на Град Скопје или на официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Член 17

Овој Правилник влегува во сила до денот на донесувањето.

Член 87

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња бр.08-5213/1 од 04.05.2022 година.

Број 08 - 13331
24. 11. 2026 2026 година
Скопје

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски